## Р Е Ц Е Н З И Ј А

## НА РАКОПИСОТ ЗА СКРИПТА „МЕТОДИКАТА НА НАСТАВАТА ПО ДУВАЧКИ И ГУДАЧКИ ИНСТРУМЕНТИ 1“ ОД ПРОФ. Д-Р ВЛАДИМИР ЛАЗАРЕВСКИ, ДОЦ. М-Р ВЛАДИМИР КРСТЕВ И ДОЦ. М-Р ПАСКАЛ КРАПОВСКИ, МУЗИЧКА АКАДЕМИЈА, УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ” – ШТИП

Врз основа на одредбите од Статутот и Правилникот за единствените основи за остварување на издавачка дејност на Универзитет „Гоце Делчев” – Штип, како и Одлуката бр.1402-107/6 од редовната седница на Наставно-научниот уметнички совет на Музичката академија, одржана на 22.11.2017 година, се избрани рецензенти:

– проф. д-р Стефанија Лешковска-Зеленковска, Музичка академија при Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип;
– проф м-р Златка Митева, Музичка академија при Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип

за подготвување на извештај - рецензија на приложениот ракопис за скрипта „**Методиката на наставата по дувачки и гудачки инструменти 1“** од авторите проф. д-р Владимир Лазаревски, доц. м-р Владимир Крстев и доц. м-р Паскал Краповски, наменета за студентите на прв циклус студии на Музичката академија при Универзитет „Гоце Делчев” – Штип.

По прегледот на ракописот, рецензентите до Наставно-научниот совет на Музичката академија го поднесуваат следниов

## И З В Е Ш Т А Ј

Добиениот материјал е во форма на ракопис, изработен на компјутер и отпечатен на ласерски печатач, во А4 формат, фонт ариал и големина на буквите 12. Истиот има вкупен обем од 17 страници. Насловот на ракописот за скриптата е „Методиката на наставата по дувачки и гудачки инструменти 1” и соодветствува со дел од материјалот за предметите Методика на наставата по дувачките инструменти и Методика на наставата по гудачките инструменти, кој во наставните програми се предава во VII семестар на Вокално-инсттрументалниот оддел, Катедра за дувачки и жичени инструменти, насока Матичен инструмент. Автори на ракописот се проф. д-р Владимир Лазаревски, доц. м-р Владимир Крстев и доц. м-р Паскал Краповски.

Предложениот обем по содржина ги задоволува критериумите според предвидениот број на часови, при што се слуша како задолжителен предмет на Вокално-инструменталниот оддел, Катедра за дувачки и жичени инструменти, насока Матичен инструмент со фонд на часови 2+2+1 во VII семестар или вкупно 152 наставни часа.

Структурата на ракописот стрикно се придржува на наставната програма, како можно основно учебно помагало за наведениот предмет кој многу ќе го олесни изучување на наставната содржина на предметот. Авторите се раководеле од основната цел да им се помогне на студентите во усвојување на теоретските познавања за дувачките и гудачките инструменти и нивна имплементација при совладување на проблемите при музицирањето во пракса, притоа нивото и стилот на обработка на материјата се приспособени кон знаењата и потребите на студентите од додипломските студии.

Ракописот методолошки е структуриран во дванаесет глави кои меѓусебе се надополнуваат и ги покриваат најзначајните теми кои вообичаено се сретнуваат во современата литература од оваа област: 1. Предмет и задачи на методиката за дувачки и гудачки инструменти, 2. Методика на дувачки и гудачки инструменти и други науки, 3. Музички способности – општ дел, 4. Избор на инструмент, 5. Почеток на наставен час, 6. Проверка на знаења, 7. Создавање навики за свирење на дувачките и гудачките инструменти, 8. Иведувачко изразни средства, 9. Ритам и интонација,10. Проблеми на интерпретација, 11. Музичка меморија и јавни настапи, 12. Важноста на квалитетната настава.

Во *првата глава* авторите нè запознаваат со методите, начините и формите на работа, кои се употребуваат при учењето дувачки и гудачки инструменти, благодарение на коишто ќе се формираат идните инструменталисти солисти и педагози на дадените инструменти.

Во *втората глава* ни е претставена тесната врска на методиката на настава по дувачки и гудачки инструменти со други науки. Музичко-изведувачкиот процес се базира на основните естетски правила, кои се однесуваат на сите видови уметности. Оттука авторите ја истакнуваат неопходноста од тесна врска на методиката на дувачките и гудачките инструменти со естетиката и филозофијата. Заклучуваат дека педагогот по инструмент треба да има правилни и потполни познавања на прашањата на историјата на уметноста за да може да го постави на здрава основа развитокот на своите ученици.

Во *третата глава* се анализира музичката способност, како специјален дел на човечката психа, кога ученикот позитивно реагира на разните извори на звуци. Авторите потенцираат дека раното детство е период кога пообјективно се препознаваат вистинските музички способности. Понатаму, општата музичка способност ја манифестираат како способност за слушање музика, способност за изведување на музика и способност за сочинување на музика. Квалитативно, општата музичка способност авторите на скриптата ја делат на елементарна музикалност, естетска музикалност и творечка музикалност.

Во *четвртата глава - Изборот на инструмент* авторите посветуваат внимание за изборот на инструмент кај учениците. Покрај општата музичка првична способност кај детето, потребно е да има психичка наклонетост (желба, љубов) кон одреден инструмент. Исто така, потребна е голема трпеливост, набљудување, искуство и знаење за да може успешно да се избере инструментот, кој има големо значење за понатамошна успешна и плодна работа.

Во *петтата глава - Почеток на наставниот час* авторите даваат опис за важноста на воведниот дел од наставниот час т.е. важноста на претходната подготовка за наставниот час. Тие препорачуваат наставниците да обрнат внимание на неколку чекори во однос на подготовката како поздравување, проверка на состојбата на училницата, проверка на состојбата на инструментите и елементите кои доаѓаат со инструментот како писки, платци, жици, гудала итн.

Во *шестата глава* авторите посветуваат внимание на проверка на знаењата на учениците по зададениот материјал, најчесто како втора етапа на одржување на наставата. Во оваа глава - *Проверката на знаењата* се објаснува оваа форма за педагошка контрола на учебната работа на ученикот, организацијата и методиката на неговата самостојна домашна работа, квалитетот на знаења и вештини по усвојување на зададениот материјал.

Во *седмата глава - Создавање навики на свирење на дувачки и гудачки инструменти* авторите го опишуваат процесот на создавање и развивање позитивни навики кај учениците. Потенцираат на важноста на наставникот во овој процес кој е должен да го следи педагошкото правило и тоа – развивање на навиките од поедноставно кон посложено. Изучувањето на дувачките или гудачките инструменти наставникот ќе го постигне преку усогласување на различните движења на двете раце или раце и јазик или позиција на уста. Совладувањето истовремено на инерцијата и симетријата на двете раце или јазик кај детето е голем предизвик за секој наставник и ученик.

Во *осмата глава* - Изведувачки изразни средства авторите на почетокот ни ги опишуваат објективните фактори кои влијаат на уметничката музичка интерпретација како стил и епоха, програмската содржина, сите ознаки за темпо и динамика кои се наведени од композиторот, како и субјективните фактори односно карактерните особини на ученикот/изведувачот: темпераментот, талентот, културата, моментално расположение. Понатаму, посебен акцент е посветен на техниката изведба, начинот на креирање убав звук, како и фразирањето.

Во *деветтата глава - Ритам и интонација* авторите посветуваат посебно внимание за важноста за чувството за ритам и добра интонација во музичкиот развој кај учениците. Па така, авторите одбележуваат дека иако осетот за ритам и правилна интонација се природни особини и не се присутни кај сите ученици еднакво и се тесно поврзани со темпераментот на индивидуите, со правилен пристап и водење чувството за ритам може да се развие исто како што може да се развие и изостри слухот.

Во *десеттата глава - Проблеми на интерпретација* авторите ги опфаќаат условите потребни за создавање успешна уметничка интерпретација. Тие одбележуваат дека само преку заемното дејство помеѓу замислата на композиторот и правилното индивидуално гледање на изведувачот се поставува успешна интерпретација. Суштински важно за уметничката интерпретација е постигнувањето на единство помеѓу формата и содржината. Формата кај изведувачката уметност претставува изразно средство на изведувачот, т.е. богатството на неговите звучни и технички можности, а содржината е идејно-емоционалната замисла на даденото дело, т.е. одразот на богатството и различноста на животот. Многу изведувачи ја разбираат точно содржината на делото, но и покрај тоа немаат убедлива интерпретација. Ова најчесто се должи на недостатокот на технички можности на изведувачот.

Во *единаесеттата глава - Музичка меморија и јавни настапи* авторите на скриптата одбележуваат дека учењето напамет и јавни настапи придонесува за поквалитетна и впечатлива изведба на истата. Тие препорачуваат наставникот да го поттикнува ученикот да го совладува секое дело што го изучува напамет со цел во текот на школувањето ученикот да изгради свој сопствен систем за музичко меморирање на композициите.

Во *последната глава – Важноста на квалитетна настава* авторите на скриптата заклучуваат дека квалитетот на наставата зависи од успехот на учениците, односот кон дадениот инструмент, кон учителот, кон учебната работа воопшто, дисциплината, развивањето на чувството на индивидуалност или колективност и најмногу од сè навиката за индивидуална работа. Квалитетот на наставата (часовите) во најголем број случаи го определува успехот на воспитно-наставната работа на учителот. Авторите препорачуваат дека задачата на ученикот се состои од три основни елементи**:** усвојување и првично утврдување на новиот материјал за време на наставата (часот), понатамошно утврдување на новиот материјал и повторување на стариот материјал при свирење на зададените домашни задачи (етиди, вежби, скали) и повторно утврдување на материјалот при проверката на знаењата од страна на учителот за време на часот.

Ракописот е напишан на јазик разбирлив за студентите и е во согласност со студиската програма Матичен инструмент на Музичката академија при УГД и како таков е соодветен да се користи како учебно помагало (скрипта) по предметите Методика на наставата по дувачки инструменти и Методика на наставата по гудачки инструменти.

## ЗАКЛУЧОК

Предложениот ракопис за скрипта „Методиката на наставата по дувачки и гудачки инструменти 1” од авторите проф. д-р Владимир Лазаревски, доц. м-р Владимир Крстев и доц. м-р Паскал Краповски претставува одлична скрипта која на студентите многу ќе им го олесни изучувањето на наставната содржина по предметите Методика на наставата по дувачки инструменти и Методика на наставата по гудачки инструменти. Авторите се раководеле од основната цел да им помогнат на студентите во усвојување на теоретските познавања за дувачките и гудачките инструменти и нивна имплементација при совладување на проблемите при музицирањето во пракса. Притоа нивото и стилот на обработка на материјата се приспособени кон знаењата и потребите на студентите од додипломските студии.

Разработените содржини се во согласност со Наставниот план за предметите Методика на наставата по дувачки и гудачки инструменти на Музичката академија за студентите од Вокално-инструменталниот оддел – Матичен инструмент и истовремено приложениот ракопис во целост ги задоволува критериумите и условите за издавање на скрипта пропишани според Правилникот за единствени основи за остварување на издавачка дејност на Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип.

**Рецензентската комисија предлага скриптата со наслов „Методика на наставата по дувачки и гудачки инструменти 1“ од авторите проф. д-р Владимир Лазаревски, доц. м-р Владимир Крстев и доц. м-р Паскал Краповски да биде објавена како електронска скрипта за потребите на студентите на Музичката академија при Универзитет „Гоце Делчев“.**

**РЕЦЕНЗЕНТИ**

**Проф. д-р Стефанија Лешковска-Зеленковска, с.р.**
**Проф. м-р Златка Митева, с.р.**